
26. Информации за градежна парцела бр. 3,6 (сегашен пазар - кон река)

- број на градежната парцела - ГП бр. 3,6 блок Б3
- катастерска парцела бр. к.п.бр. 6600/1; 6566/3
- дуп,, Централно градско подрачје,, тех.бр. 154/09
- вкупна површина на градежната парцела - 2894 м2
- површина за градба- 1482 м2
- бруто развиена површина 5927 м2
- процент на изграденост %
- коефициент на искористеност к
- максимално дозволена висина- 15,0 м
- намена на земјиштето- Б6 - градби за собири-спортски центри,објекти и терени почетна /утврдена цена по метар квадратен- 250,00 ден/м2

- вкупна почетна/утврдена цена на градежната парцела-
  723500,00 ден.

** паркирање во самата градежна парцела (број на паркинзи според правилник)




27. Информации за градежна парцела бр. 4,1 (новопредвиден пазар - кон река)

- број на градежната парцела - ГП бр. 4,1 блок Б4
- катастерска парцела бр. к.п.бр. 6574;6561/1;6581;6580;

  6577;6583;6582
- дуп,, Централно градско подрачје,,
  тех.бр. 154/09
- вкупна површина на градежната парцела - 11599 м2
- површина за градба- 6944 м2

- бруто развиена површина 10417 м2
- процент на изграденост %
- коефициент на искористеност к
- максимално дозволена висина- 15,0 м
- намена на земјиштето- Б2 - големи трговски единици
- пазар
- почетна /утврдена цена по метар квадратен- 61,00 ден/м2
- вкупна почетна/утврдена цена на градежната парцела- 707539,00 ден.

** паркирање во самата градежна парцела (број на паркинзи според правилник)




- Основи за изработка на Програмата

  - Законски основ

Законски основ на Програмата за управување со градежно земјиште се Закон за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М" бр. 5/2002) и Закон за градежно земјиште(„Сл. весник на Р.М" бр. 17/2011 од 11.02.2011 и („Сл. весник на Р.М" бр. 53/2011 од 14.04.2011)

  - Основни плански документи
  -
    - Генерален урбанистички план на Општина Делчево за период 1997-2010 година
    - Измена и дополна генерален урбанистички план на град Делчево - Измена на основна сообраќајна мрежа, урбани единици и блокови УЕ 1 блок 1.2 ; УЕ блок 2.1 , 2.2 и 2.6 за период 2008-2018 година

- Програма за изработка на урбанистички планови за 2011 година за Општина Делчево
- Профил и стратешки план за Локален економски развој
- Cost-benefit анализа за развој на Голак во туристички центар
- Акционен план за борба против туберколозата
- Потстратегија за рурарен развој на Општина Делчево 2009-2013
- Програма за промоција и маркетинг на микрорегионот Делчево, Виница, Берово и Пехчево
- Програма за развој на Источниот (Брегалничкиот) плански регион
- Туристички Акционен план за микрорегионот Пијанец - Малеш
- Општинска програма и Акционен план за имплементација на Декадата на Ромите во периодот 2009-2012 година
- ЛЕАП за општина Делчево-Локален еколошки акционен план за животна средина

- Лица вклучени во изработка на Програмата

1. д.и.а Петровски Горан, советник за урбанизам
2. Здравко Мирчевски, секретар на општина Делчево
3. Тони Стоименовски, советник за ЛЕР и планирање
4. Емил Тасев, соработник за имот

**Глави на Програмата**

**1. Цели на Програмата**

- Општи цели на Програмата
  - Обезбедување на социо-економски развој на општина Делчево преку создавање на услови за просторен развој како на градот Делчево така и на целата општина

- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

- Отварање на можност за реализирање на бизнис планови и бизнис идеи на заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кое нешто ке придонесе за отварање на нови вработувања, користење на локалните човечки и природни ресурси со кои располага општината и создавање на подобри услови за живеење правејки ја општината привлечна бизнис дестинација и привлечно место за живеење.

**2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**

- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
  - а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
  - б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање
  - в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање
  - г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересирани страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни.
Следниот чекор е идентификување на мерки и активности кој ке бидат нај ефикасни и ке дадат најголем резултат во маркетинг пристапот. маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

**4. Динамика на реализација на Програмата**

- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

  Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласите со отуѓување на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да сеобјават во два турнуси, и тоа, во третиот и четвртиот квартал на 2011.
  Во третиот квартал да се објават сите градежни парцели, предмет на Програмата а во четвртиот квартал да се објават градежните парцели, предмет на Програмата а кои нема да бидат отуѓени во третиот квартал.

- Пропишување на условите за надавање
- Пропишување на условите и постапка за јавно надавање

Постапката за отуѓување се спреоведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско јавно наддавање на интернет страната www.delcevo.gov.mk , со предходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

- два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и

- Службен весник на РМ

Висината на депозитот за учество во јавно наддавање изнесува 10 % од вкупната почетна цена за јавно наддавање.

На денот на јавното наддавање учесниците се легитимираат со лични исправи/лична карта или патна исправа/ и уредно полномошно за полномошниците

Јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.

Наддавањето се врши ,,чекорно,, со зголемување на вредноста со секој ,,чекор,, не помалку од 50,00 денари.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање е 3 календарски дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.

Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество ба јавното наддавање,во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален процент од 10 %, одреден за трошоците на постапката, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање

Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за процент од 10 %, одреден за трошоци на постапката, во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште, односно за едногодишна закупнина.

- Лица надлежни за реализација на Програмата

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кои задолжително треба да имаат положено испит предвиден со законот и да поседуваат овластување .

- Здравко Мирчевски
- Емил Тасев
- Тони Стоименовски

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

Приходите се определени во делот од оваа програма каде е даден детален приказ и скица на сите дадени парцели

**6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 10%
- Трошоци по основ на експропријација
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште

**7. Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општина Делчево
- Програмата треба да се изменува и дополнува на начин и постапка по која и е донесена истата
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Делчево

**Број 07-1824/1**
**06.09.2011 год.**
**Д е л ч е во**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

9.
Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 25. редовна седница, одржана на ден 06.09. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишниот извештај**
**за работата на ООУ „Ванчо Прке"**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Се извојува Годишниот Извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке" за учебната 2010/2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1825/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09. 2011 год.** **Претсеадтел,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

10.
Врз основа на член 36 и член 64 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 25. редовна седница, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За давање согласност на Одлуката на**
**За расходување и продавање на**
**Стар неупотреблив парен котел**
**бр.02-330/1 од 04.07.2011**

I

1. Советот на Општина Делчево дава согласност на Одлуката на Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Прке" бр. 02-330/1 од 04.07.2012 за расходување и продавање на стар неупотреблив парен котел.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево"

**Број 07-1826/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

11.
Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (" Сл. Весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 25. редовна седница, одржана на ден 06.09. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Кварталниот извештај**
**За извршувањето на Буџетот на Општина Делчево**
**За период 01.01.2011 до 30.06.2011**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2011 до 30.06.2011.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1827/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

12.
Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево на својата 25. редовна седница одржана на ден 06.09.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средства**
**во Буџетот на Општина Делчево**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Делчево за 2011 година и тоа на следниот начин:

| **Потпрограма Потставка** | **Буџет** | **самоф.акт.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 485420 Надомест за одземен имот | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ј70 ОДРЖУВАЊЕ И КОР. НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО | | | | | |
| 424590 – Одржување на др. Зелени површини | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1828/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

13.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со Упатството за аплицирање за аплицирање на вториот повик во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија- Бугарија, Советот на општина Делчево на својата 25-та седница одржана на ден 06.09. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија**

Член 1

Со оваа Одлука се дава поддршка за развој и спроведување на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, повик бр.: 2007CB16IPO007-2011-2 .

Член 2

Проектот „Дланката на Крали Марко-митологијата на прекуграничниот регион" е партнерски проект со општина Бобов Дол од Република Бугарија и се однесува на подигнување на свеста за заедничкото културно наследство во регионот и подобрување на соработката помеѓу заинтересираните страни во прекуграничниот регион за одржливо искористување на туристичкиот потенцијал. Имено проектот се однесува на истражување на митовите и легендите во прекуграничниот регион, организирање на форуми за дискусија на резултатите од истражувањето, изработка на заедничка стратегија за развој на прекуграничниот културен туризам, изработка на заеднички интернет портал за промоција на заедничката историја и култура и мали инвестициони зафати на туристички локалитети. (Приоритетна оска 2 „Подобрување на квалитетот на живеење", Област на интервенција 2.2 „Искористување на културните ресурси").

Член 3

Општина Делчево како партнер во проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски и технички за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во Програмата.

Член 4

Општина Делчево се обврзува дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде искористена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5 (пет) години после завршувањето на проектот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1829/1**<br>**06.09. 2011**<br>**Делчево**

**Совет на општина Делчево**<br>**Претседател,**<br>**Николче Трајановски, с.р.**

14.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со Упатството за аплицирање за аплицирање на вториот повик во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија- Бугарија, Советот на општина Делчево на својата 25-та седница одржана на ден 06.09. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија**

Член 1

Со оваа Одлука се дава поддршка за развој и спроведување на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, повик бр.: 2007CB16IPO007-2011-2 .

Член 2

Проектот „ЕУ Парк" е партнерски проект со општина Благоевград од Република Бугарија и се однесува на подигнување на свеста за рационално искористување на водените ресурси во прекуграничниот регион. Имено проектот предвидува: обуки за европската регулатива за вода, форуми за дискусија со вклучување на научна, стручна и поширока јавност од прекуграничниот регион, стратегија за рационално искористување на водените ресурси и мониторинг во прекуграничниот регион и инфраструктурно уредување на градските паркови во двете партнерски општини. (Приоритетна оска 2 „Подобрување на квалитетот на живеење", Област на интервенција 2.1 „Искористување на еко ресурсите").

Член 3

Општина Делчево како лидер во проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски и технички за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во Програмата.

Член 4

Општина Делчево се обврзува дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде искористена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5 (пет) години после завршувањето на проектот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1830/1** **Совет на општина Делчево**
**06.09. 2011** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски, с.р.**

15.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со Упатството за аплицирање за аплицирање на вториот повик во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка Македонија- Бугарија, Советот на општина Делчево на својата 25.редовна седница одржана на ден 06.09.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија**

Член 1

Со оваа Одлука се дава поддршка за развој и спроведување на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Бугарија, повик бр.: 2007CB16IPO007-2011-2 .

Член 2

Проектот „Ризични природни процеси на територијата на општините Ќустендил и Делчево" е партнерски проект со Асоцијацијата за стратешки анализи и истражување од општина Ќустендил, Република Бугарија и се однесува на креирање на заедничка методологија за оценка на процесите на природни ризици на територијата на двете општини, што вклучува истражување и анализирање на целата територија како и создавање на заедничка ГИС дата-база. Овие активности ќе создадат можност не само за интегрирање на научните идеи, знаење и искуство во оваа област, туку ќе придонесе и за подобрување на квалитетот на живеење на населението во целниот регион. Имено проектот ќе помогне на локалните и државните институции во нивните активности за избегнување на негативните последици од природните ризични процеси, а во исто време ќе обезбеди економски бенефити за луѓето кои живеат во регионот. (Приоритетна оска 2 „Подобрување на квалитетот на живеење", Област на интервенција 2.1 „Искористување на еколошките ресурси").

Член 3

Општина Делчево како партнер во проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски и технички за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во Програмата.

Член 4

Општина Делчево се обврзува дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде искористена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5 (пет) години после завршувањето на проектот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1831/1** **Совет на општина Делчево**
**06.09. 2011** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски, с.р.**

16.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 25. редовна седница, одржана на ден 06.09.2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишниот извештај**
**За работата на СОУ „М.М. Брицо" за учебната 2010/2011**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо" за учебната 2010/2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 1832/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09. 2011 год.** **Претседател**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**17.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (" Сл. Весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 25. редовна седница, одржана на ден 06.09. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Извештајот**
**за јавната безбедност на сообраќајот**
**на патиштата на подрачјето на општина Делчево.**

1. Се усвојува Извештајот за јавната безбедност на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Сл. Гласник на Општина Делчево".

3. Заклучокот да се достави до:
- Министерство за внатрешни работи на РМ;
- Народен правобранител;

**Број 07-1833/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

**18.**
Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на ден 06.09.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За разрешување на член на Комисијата**
**за планирање и уредување на просторот**
**и заштита на животната средина и природата**

Член 1

Се разрешува **Тони Трајановски** од член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1834/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09. 2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски, с.р.**

19. Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 4 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на ден 06.09. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За именување на член на Комисијата**
**за планирање и уредување на просторот**
**и заштита на животната средина и природата**

Член 1

Се именува **Љупчо Атанасов**, член на Советот на Општина Делчево, за член на Комисијата за планирање и уредување на просторот и заштита на животната средина и природата.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1835/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09. 2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски, с.р.**

20.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и Барање бр. 07-1811/1 од 06.09.2011 година, Советот на Општина Делчево, на својата 25.редовна седница, одржана на ден 06.09.2011 година, ја дава следната

**ПРЕПОРАКА**
**На СОУ „М.М.Брицо" за ослободување на КК „Клубски"-Делчево од плаќање надоместок за користење на спортската сала во СОУ „М.М.Брицо"**

1. Советот на Општина Делчево ја дава оваа Препорака на СОУ „М.М.Брицо", за ослободување на КК „Клубски" од плаќање на надоместок за користење на спортската сала во СОУ „М.М.Брицо" – Делчево.

Препораката се дава имајќи ја предвид финансиската состојба на клубот и резултатите постигнати на натпреварувањата во Првата македонска лига во кошарка за жени.

2. Препораката ќе се достави до Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо".

3. Препораката ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1836/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**06.09.2011 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево;.... 3

2. Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Делчево;3

3. Одлука за разрешување на Претседателот на Советот на Општина Делчево;..4

4. Одлука за избор на Претседател на Советот на Општина Делчево;...............4

5. Одлука за одобрување на Прашалникот за апликација по Проектот „ Фекална канализација и Пречистителна станица за отпадни води во село Град - Општина Делчево"........................................................................................5

6. Одлука за одобрување на Прашалникот за апликација по Проектот „ Фекална канализација и Пречистителна станица за отпадни води во село Вирче - Општина Делчево;...................................................................... 5

7. Одлука за донесување на Предлог -Детален урбанистички план за ,,Централно градско подрачје ,, Урбана единица 2 -дел од Блок 2,2 за плански период од 2011-2016 година;.................................................................... 6

8. Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општина Делчево за 2011 година;............ 7

9.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке" за учебната 2010/2011 година;.......................................................40

10. Заклучок за давање согласност на Одлуката на за расходување и продавање на стар неупотреблив парен котел бр.02-330/1 од 04.07.2011 година;............40

11. Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал;....................................................41

12. Одлука за измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево за 2011 година;.........................................................................41

13. Одлука за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија – Бугарија по повик 2007CB161PO007-2011-2, проект „Дланката на Крали Марко-митологија на прекуграничниот регион;..................................42

14. Одлука за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија – Бугарија по повик 2007CB161PO007-2011-2, проект „ЕУ Парк";...43

15. Одлука за поддршка на проект по ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија – Бугарија по повик 2007CB161PO007-2011-2, проект „Ризични природни процеси на територијата на општините Ќустендил и Делчево";.........44

16. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата СОУ М.М.Брицо за 2010/2011 година;.........................................................................45
17. Заклучок за усвојување на извештајот за безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево;........................................... 45

18. Одлука за разрешување на член на Комисијата за уредување и планирање на просторот и заштита на животната средина;.......................................... 45

19. Одлука за именување на член на Комисијата за уредување и планирање на просторот и заштита на животната средина;...............................................46

20. Препорака за КК „Клубски“ за ослободување од плаќање надоместок за користење на спортска сала во СОУ „М.М.Брицо“ – Делчево......................... 47